**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/16 и 116/17), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## За кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во Република Македонија

**1. Предмет на јавниот повик** е кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во Република Македонија, односно финансиска поддршка на проекти за:

- Промоција и обуки за алтернативни извори на финансирање на МСП (бизнис ангели, франшизинг, факторинг);
- Промоција и обуки за социјално претприемништво;
- Промоција, обуки и форуми за женско претприемништво;
- Б2Б средби;
- Вмрежување и
- Промотивни активности (организирање на саеми и манифестации).

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година дел II област А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерка 6 - Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/16 и 116/17) се предвидени средства во вкупен износ од 3.000.000,00 денари.

**2. Право на учество на јавниот повик** имаат активни фондации и здруженија на граѓани, стопански комори и организации на работодавачи.

**3. Потребни документи за пријавување:**

- Образец „Барање - КП МСП 2017“;
- Образец „Проект - КП МСП 2017“;
- Решение за регистрација;
- Тековна состојба од Централен регистар не постара од 3 (три) месеци;
- Уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и придонеси не постаро од 3 (три) месеци;
- Изјава дека за проектот со кој аплицира досега не користел средства од Буџетот на РМ или од странски донатори, заверена на нотар.
- Уплатница на износ од 50,00 денари ( *Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Трезорска сметка, *Банка на примач:* Народна банка на Република Македонија, *Трезорска сметка:* 100000000063095, *Уплатна*

*сметка:* 840________ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма:* 722313 00 ).

**Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копија.**
**Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.**

Обрасците „Барање –КП МСП 2017“ и „Проект - КП МСП 2017“ за пријавување на јавниот повик, подносителите може да ги подигнат од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и порталот www.konkurentnost.mk

**4. Критериуми за оценување на проектите**:

1. Проект - 60 бода
2. Работна биографија на лицата кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот - 30 бода
3. Референтна листа на проекти – 10 бода

Еден апликант може да аплицира само со еден проект по овој јавен повик.

Апликантите кон кои Министерството за економија води постапка поради ненаменско искористување на доделени средства за оваа намена врз основа на објавени јавни повици во претходни години, немаат право на учество.

Максималниот износ за кофинансирање на трошоците по проект изнесува 200.000 денари.

Трошоците за репрезентација (ручек, коктели), сметки за комуналии (струја, вода, греење) телефон и интернет нема да бидат предмет на кофинансирање.

Барањата за кофинансирање на проекти ги разгледува Комисија формирана од Министерот за економија.

Барањата за кофинансирање на проекти со комплетната документација се доставуваат до Архивата на Министерството за економија, ул. “Јуриј Гагарин” 15, Скопје заклучно со **29.09.2017 година.**

**тел: (02) 3093 445; (02) 3093 423 www.economy.gov.mk**